**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11-4264/2
Датум:18.05.2022
Скопје

ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош изврши увид на лице место на ден 17.05.2022 година на ул.“Миле Поп Јорданов“ по барање на Инвеститорот “А1 Македонија“ ДООЕЛ Скопје од Скопје за санација на подземна кабелска инфраструктура.За санација на подземна кабелска инфраструктура потребен е зафат во должина од 256м1( подлога од павер елементи 236м1 и тревна подлога 20м1) на територија на Општина Карпош на ул.“Миле Поп Јорданов“.

Санацијата на подземната кабелска инфраструктура да се изведе според технички прописи и стандардни нормативи за изведување на ваков вид на инсталации и да се изврши обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања.

Ровот од тревна подлога да се врати во првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок и останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви, да се постави хумус и завршно да се затреви ровот.

Ровот на делот од тротоарска подлога од бекатон да се врати во првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот да се транспортира до депонија,околу инсталациите да се постави ситен песок ,дел од ровот до потребната кота на монтажа на павер елементи да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви,да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот.Преминувањето на ул.“ Миле Поп Јорданов“ да се изврши по пат на бушење на асфалтната подлога.

Врз основа на податоците на терен и добиените графички прилози за кабловската мрежа на горенаведената локација, извршена е проверка на должината дека истата изнесува 256m1 ( тревна подлога 20m1 и подлога од павер елементи 236m1) .

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката бр.09-3199/8 од 20.04.2022 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за тревна подлога да уплати износ од 1.888,00 денари со вклучено ДДВ , за подлога од павер елементи да уплати износ од 33.418,00 денари со вклучено ДДВ , вкупно да уплати износ од 35.306,00 денари со вклучено ДДВ на име на неповратни средства за изведување на подземни инсталации.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*

По завршување на сите градежни работи околу поставувањето на телекомуникациската инфраструктура, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Ивана Стојановски

Љубомир Тодевски